# ОДЖАН ПРВИОТ ПРЕКУГРАНИЧЕН ФОРУМ ЗА ОСОГОВО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕД

Со цел разгледување на можностите за воспоставување на прекугранично заштитено подрачје на Осоговските Планини како еден од приоритетните региони долж границата меѓу Македонија и Бугарија, на 16-ти и 17-ти мај 2011 година во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на Република Македонија и општина Крива Паланка, МЕД организираше прекуграничен форум за Осогово во манастирот Св. „Јоаким Осоговски" - Крива Паланка.

Намерата за воспоставување заштитено подрачје на Осогово води кон исполнување на обврските од Билатералниот договор помеѓу Министерството за животна средина и води (МЖСВ) на Република Бугарија и МЖСПП од Република Македонија, потпишан во Софија во 2000 година.

На форумот учествуваа градоначалниците од регионот, претставници од клучните институции - Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, Министрство за култура, ЈП „Македонски шуми", како и претставници од Франкфуртското зоолошко друштво (ФЗС), Про Натура и УНЕСКО кои директно придонесоа за успешноста на форумот.

Заменик Министерот за животна средина Соња Лепиткова истакна дека ќе се залага за воспоставување на едно функционално заштитено подрачје на Осоговските Планини, кое ќе придонесе кон промоција и иден економски развој на регионот. Според Лепиткова, тоа ќе придонесе кон проширување на мрежата на заштитени подрачја во пограничниот регион, што всушност е обостран интерес на двете држави кон исполнување на обврските кон Европската Унија.

Градоначалниците од регионот истакнаа дека се залагаат за заштитата на животната средина во регионот, но дека приоритет е обезбедување на основните социјални и економски услови за населението од овој регион.

Претставникот на УНЕСКО, г-нот Филип Пиперт во своето излагање укажа дека Осоговскиот регион ги исполнува критериумите за биосферен резерват и може да се приклучи кон мрежата на биосферните резервати на УНЕСКО.

Презентираните податоци од страна на МЕД и Бугарската фондација за биодиверзитет (БФБ) на форумот, покажаа дека Осоговските Планини ги исполнуваат сите критериуми за заштитено подрачје и од природен и од социо-економски аспект. Овие податоци се резултат на имплементација на петгодишниот прекуграничен проект „Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас", финансиски подржан од ФЗС и Про Натура. Најсоодветна категорија на заштита за Осоговскиот регион е **Заштитен предел**, според системот на заштитени подрачја предвиден во законот за заштита на природа на Р. Македонија. Но, бидејќи Осогово ги исполнува и основните критериуми и функции на биосферните резервати ова би била одлична можност за **прв биосферен резерват** во Македонија.

Осоговските Планини претставуваат дел од Зелениот појас, иницијатива координирана од Светската унија за заштита на природа (IUCN) и претставуваат приоритетен регион долж границата помеѓу двете држави. Идентификувани се во бројни национални и интернационални документи од областа за заштита на природата и одржливиот развој. Потврдено е дека Осогово претставува: значајно растително подрачје (IPA); значајно подрачје за птиците (IBA); важен коридор за движење на дивите растителни и животински видови во рамките на паневропската еколошка мрежа за југоисточна Европа (PEEN SEE) и Натура 2000 подрачје.







pro natura | FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY | BULGARIAN BIODIVERSITY FOUNDATION | МЕД MES

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО, бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 28-3/7 1000 Скопје,
тел. 02/2402-773, факс 2402-774; contact@mes.org.mk; www.mes.org.mk

МЕД макeдонско еколошко друштво
Јуни 2011 ИНФОРМАТОР Бр. 13



# Годишно Собрание на МЕД

- ЗАПОЧНАТ НОВ ПРОЕКТ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН, ЗНАЧЕЊЕ, ПРИДОБИВКИ И НЕДОСТАТОЦИ
- СЛАВЕЊЕ НА ПРОЛЕТТА СО КАМАПЊАТА ПРОЛЕТТА ДОАЃА!
- РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНА ЕКОЛОШКА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (МАК-НЕН)
- НОВ ПРОЕКТ ЗА ЗАШТИТА И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПТИЦИТЕ ВО ДВА ЗНАЧАЈНИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА
- ИДНИ ПЛАНОВИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЗНАЧАЈНИТЕ РАСТИТЕЛНИ ПОДРАЧЈА ЗРП ПРОГРАМА
- ПОВТОРНО ТРУЕЊЕ НА МРШОЈАДЦИ
- ПРОЕКТ ЗА ЗАШТИТА НА БАЛКАНСКИОТ РИС
- РАЗВОЈ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНА МРЕЖА НА ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА
- ОДЖАН ПРВИОТ ПРЕКУГРАНИЧЕН ФОРУМ ЗА ОСОГОВО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕД

На 31.01.2011 година, во просториите на НВО Центар (МКЦ), се одржа Годишно Собрание на МЕД.Од 21 член колку што брои Собранието на МЕД, беа присутни 14 членови и двајца гости.

На Собранието беше презентиран извештајот за работата на Друштвото за 2010 година, финансискиот извештај за 2010 година и програмата за работа на Друштвото во 2011 година. Се донесе одлука за издавање на годишна членска книшка која членовите ќе ја добијат по уплаќањето на годишната членарина. Исто така беше донесена одлука за заедничко залагање против изградбата на хидроцентралата на Луково Поле во НП "Маврово", поради големите негативни последици кои ќе ги предизвика врз биодиверзитетот и пределите на националниот парк.

На собранието се усвоија промените во Статутот на МЕД (кои ги налага новиот закон за здруженија на граѓани) кој потоа беше поднесен до Централниот регистар на Република Македонија, и измените веќе се внесени во Регистарот.Согласно Статутот беа избрани нови членови на Претседателството, секциите и Надзорниот одбор на МЕД.

**Новиот Статут можете да го погледнете на веб страната на МЕД www.mes.org.mk.**

МЕД

Асистент на проектот, Фросина Пандурска-Драмиќанин
pandurska@mes.org.mk










## ЗАПОЧНАТ НОВ ПРОЕКТ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН, ЗНАЧЕЊЕ, ПРИДОБИВКИ И НЕДОСТАТОЦИ

Стартуваа теренските активности и анкетирањето на локално население за проектот **„Искористување на природните ресурси во Западен Балкан, значење, придобивки и недостатоци“** кој Македонското еколошко друштво ќе го спроведува во соработка со Норвешкиот институт за истражување на природа (NINA) до 2013 година.

Целта на проектот е да се добијат податоци за искористувањето на природните ресурси во земјите од Западен Балкан, коишто потоа ќе се искористат за изготвување на публикација со препораки за одржлив економски развој во руралните подрачја во овие земји.

Предвидени се анкети на локалното население во Македонија, Косово, Албанија и Хрватска.

Во Македонија во фокусот се Мавровскиот и Шарпланинскиот регион. Првите анкети поврзани со собирањето на лековити растенија, чаеви и печурки беа извршени во селата во рамките на националниот парк Маврово.

Локално население беше анкетирано во селата Врбјани, Ростуше, Сенце.

## СЛАВЕЊЕ НА ПРОЛЕТТА СО КАМАПЊАТА ПРОЛЕТТА ДОАЃА!

Кампањата **„Пролетта Доаѓа!“** по втор пат беше организирана во Македонија од страна на Македонското еколошко друштво, која повторно има за цел да го следи доаѓањето на пролетта преку пријавување на доаѓањето на неколку видови птици предвесници на пролетта.

Оваа година тоа беа селската ластовичка (*Delichon urbica*), штркот (*Ciconia ciconia*), пиштарката (*Apus apus*), кукавицата (*Cuculus canorus*) и пчеларката (*Merops apiaster*).

Благодарејќи на финансиската помош од Корпорацијата Мицубиши за Европа и Азија, обемот на кампањата се прошири и опфати печатење промотивни и едукативни материјали (постери, формулари и инфо картички), овозожи да се одржат повеќе предавања во училишта од цела Македонија и да се учествува на стрип работилницата во соработка со здружението Мак Стрип и Зоолошката градина од Скопје. Целта на оваа соработка беше промоција на ликовниот натпревар „Мојата пролет“ во склоп на кампањата. Најголемиот настан од кампањата беше пикникот за набљудување птици на тетовското Кале. Пикникот беше организиран во Тетово бидејќи оттаму пристигна и пријавата за првата ластовичка во Македонија.

Покрај промоција на македонскиот дел од веб страната **www. springalive.net** каде секојдневно



пристигаат пријави за птици пресельници, кампањата прв пат беше присутна и се рекламираше и на Фејсбук, доближувајќи ја до многу заинтересирани љубители на природата.

Од досегашните резултати, штркот е најчесто пријавувана птица, односно за неа во април пристигнале најголем број пријави.

**Контакт: Ксенија Путилин**
**ksenipu@yahoo.com**

BirdLife INTERNATIONAL
Together for birds and people



The Mitsubishi Corporation Fund for Europe and Africa

## РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНА ЕКОЛОШКА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (МАК-НЕН)





Во рамките на проектот "Развој на национална еколошка мрежа во Република Македонија (МАК-НЕН)", во периодот 19-20 април 2011 година, МЕД ја реализираше последната трета работилница за еколошки мрежи. На работилницата беа презентирани финалните резултати во рамките на проектот и тоа, изработената Студија за кафеавата мечка, картата на националната еколошка мрежа МАК-НЕН, како и спроведената анализа за влијанието на различните сектори во имплементацијата на еколошката мрежа. Исто така, беше презентиран и дискутиран нацрт план за заштита на идентификуваните коридори за мечката. На работилницата учествуваа вкупно 28 учесници, претставници од партнерската организација ECNC-Европскиот центар за заштита на природата од Холандија, како и претставници од сите релевантни министерства, институции и организации од Македонија, кои во иднина ќе имаат значајна улога за спроведување на еколошката мрежа. Како резултат на плодната дискусија на работилницата беа изведени неколку клучни заклучоци пред сè, дека МАК-НЕН не претставува само карта, туку визија (карта на можности), концепт за зачувување на животната средина и треба да се вметне во сите сфери во Македонското општество.

Освен тоа, беа предложени повеќе насоки за идно делување како, да се изработи и донесе уредба за прогласување на националната еколошка мрежа; да се спроведе евалуација на коридорите и да се одредат потребните мерки за нивна ревитализација; да се оствари комуникација/дијалог со релевантните сектори кои имаат интерес/активности во едно подрачје, за изнаоѓање заеднички цели/бенефити заради надминување на конфликтни ситуации; да се изградат капацитети и едуцира кадар за спроведување на МАК-НЕН; да се организира и спроведе кампања (со сите промотивни материјали) за подигнување на јавната свест за МАК-НЕН; да се спроведе анализа на финансиските импликации и можните извори на финансирање за спроведување на МАК-НЕН; картата да се вклучи во просторното планирање (на национално, регионално и локално ниво) и т.н.

Последната завршна средба, на која ќе се презентираат сите резултати и спроведени активности, со што ќе се означи завршетокот на овој особено значаен проект, ќе се одржи во јуни 2011 година во Скопје.





mak nen | ECNC european centre for nature conservation | МЕД MES

## НОВ ПРОЕКТ ЗА ЗАШТИТА И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПТИЦИТЕ ВО ДВА ЗНАЧАЈНИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во рамките на глобалната програма за поддршка на идни лидери во зачувувањето на природата и конзервациската екологија воопшто (Conservation Leadership Programme), Македонското еколошко друштво заедно со 20тина други организации од светот доби финансиска поддршка за спроведување на проектот ***Проценка на заканите за зачувување на птиците во два значајни орнитолошки локалитети во Македонија.*** Целта на проектот е заштита и зачувување на три целни видови чии популации се во опаѓање (белоноктата ветрушка, царскиот орел и египетскиот мршојадец) во Овче Поле и Преод-Ѓуѓанце значајни орнитолошки локалитети од глобално значење, преку користење на повеќе директни и индиректни методи. Покрај конкретните активности кои првенствено ќе бидат спроведувани во Овче Поле и Преод-Ѓуѓанце, долгорочната цел на проектот е да се развијат мерки за заштита, зачувување и одржување на стабилни популации на загрозените видови птици, кои подоцна ќе може да се транспонираат и практикуваат и за останати видови на територијата на Република Македонија. Периодот за спроведување на проектот е една година, со почеток од јули 2011 година.

BirdLife INTERNATIONAL | CONSERVATION INTERNATIONAL | FAUNA & FLORA INTERNATIONAL | WILDLIFE CONSERVATION SOCIETY
Conservation Leadership Programme

Conservation Leadership Programme е партнерство од четири меѓународни организации за зачувување на природата и биодиверзитетот, вклучувајќи ги BirdLife International,Conservation International, Fauna & Flora International и Wildlife Conservation Society.

**Раководител на проектот: Данка Узунова**
**uzunova@mes.org.mk**

## ИДНИ ПЛАНОВИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЗНАЧАЈНИТЕ РАСТИТЕЛНИ ПОДРАЧЈА



**Во периодот од 25 до 27 јануари 2011 година во Струмица се одржа меѓународна работилница на тема: Развој на предлог проекти за заштита на растенијата како надоврзување на проектот за идентификација на ЗРП, спроведен во земјите од Југоисточна Европа.**

Македонското еколошко друштво како организација од Македонија што учествуваше во ЗРП програмата од 2007 до 2009 година, беше домаќин на овој настан. Претставници од повеќе земји како, Косово, Албанија, Словенија, Романија, Бугарија, Англија и Холандија учествуваа со своите идеи за оформување на предлог проекти кои би ја продолжиле ЗРП програмата за зачувување и заштита на значајните растителни подрачја во Европа. Работилницата беше финансирана од MAVA, додека PlantLife International и Македонското еколошко друштво беа организатори.



Во основа, главните цели на работилницата беа следните:

- **да се синтетизираат досегашните достигнувања на ЗРП програмата во Европа;**
- **да се оформи стратегија за продолжување на програмата за наредните 5 години; и**
- **да се соберат идеи за што е можно поконкретни проекти и буџети со цел нивно поднесување до донаторите.**

Идејата за IPANet (*Communication network for awareness raising, site protection & conservation)* или формирање на комуникациска мрежа за подигање на свеста, зачувување и заштита на значајните растителни подрачја беше една од најфаворизираните помеѓу учесниците. Ова во исто време дава можност и за имплементирање на прекугранични проекти кои се значајни од аспект на размена на взаемни искуства. Македонското еколошко друштво исто така ја поддржа оваа идеја како соодветна за отпочнување на следната фаза од проектот „Идентификација и заштита на значајните растителни подрачја во Македонија".

Plantlife | MAVA | МЕД MES

## ПРОЕКТ ЗА ЗАШТИТА НА БАЛКАНСКИОТ РИС

Како и во 2010 година, членовите на МЕД задолжени за заштита на балканскиот рис, и оваа година работеа на заловување на единка од ова загрозено животно. За жал, сесијата којшто траеше од 1ви февруари до 15 април не роди со плод. На територијата на националниот парк Маврово, вкупно беа активни 6 стапици, додека седмата беше наместена близу селото Модрич, на северните падини од планината Јабланица, каде во 2010 година екипата на МЕД успеа да слика рис. Вкупната активност на стапиците беше 415 денови што во споредба со 2010 бројот на активни денови на лов е скоро двојно зголемен. Во текот на два и пол месечниот период, во замките беа фатени неколку бездомни кучиња, една птица-црвеногушка, двапати активацијата беше причинета од човек и двапати имаше лажна активација. Според сведочењето на еден од ловочуварите во паркот, во една прилика рис успеал да побегне од стапицата претрчувајќи низ неа. Исто така, имавме и два безуспешен обиди за повторно фаќање на Марко, кај кого, после тримесечната активност на новиот околувратник, се јави повторна потреба од промена. За таа цел, по лоцирање на Марко и пронаоѓање на негова жртва беа поставени специјални стапици за нога, но и покрај тоа што тој се врати на пленот, не се фати во поставените стапици.

### Сесија Маврово 2011



Освен оваа мала серија на неуспеси, во текот на нашиот повеќемесечен престој во Маврово, успеавме:

1. Да го довршиме снимањето на првиот документарен филм посветен на балканскиот рис заедно со телевизиска екипа од Германија. Филмот ќе биде довршен и подготвен за емитување во септември 2011 година;
2. Да организираме презентации за животот на рисот, мечката и волкот во сите основни училишта во Националниот парк и селата јужно од него;
3. Да извршиме обука со граничната полиција, дел од локалното население, ловочуварите во паркот и повеќемина одгледувачи на стока, за распознавање на жртви од рис и нивно пријавување во МЕД;
4. Да организираме тренинг обука за неколку студенти биолози, членови на Истражувачкото друштво на студенти биолози околу мониторинг методите за балканскиот рис;
5. Да конструираме нова замка и алармен систем за уловување рисови (за кој сме им благодарни на нашиот волонтер Дарко Здравковски и сопственикот на куќата во која бевме сместени г-дин Тасим Исмаили);
6. Да изведеме неколку трансекти за утврдување на траги од диви животни.



Идните активности за обид за фаќање на нови рисови ќе бидат пренесени во заштитеното подрачје „Јасен", каде две замки ќе бидат активни во текот на есенскиот период. Како и во 2010 година, и оваа година имавме голема помош од вработените во НП „Маврово", за која сме им многу благодарни.



MAVA | FNSNF Swiss National Science Foundation

## ПОВТОРНО ТРУЕЊЕ НА МРШОЈАДЦИ



На почетокот на месец април (05.04.2011 година), на хранилиштето за мршојадци на висорамнината Витачево кај Кавадарци, беа пронајдени два мртви египетски мршојадци (*Neophron percnopterus*). Наоѓањето на птиците уследи по пријава од локалните сточари до Фондот за дивата флора и фауна од Кавадарци (една од партнерските организации во Акциониот план за заштита на мршојадците на Балканскиот Полуостров) кои на отровните мамки загубија три овчарски кучиња. Во близина на хранлиштето беа пронајдени отруени и еден гавран и еден јастреб глувчар. Случајот беше пријавен до надлежните институции (МВР, Инспекторатот за животна средина и природа при МЖСПП, Инспекторатите за ловство и ветеринарство при МЗШВ), а отруените птици беа испратени до Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за вршење на анатомско-патолошки анализи. Примероци од мамките за кои постоеше сомнение дека се затруени беа испратени на анализа во одделот за крим-техника при МВР. ФДФФ-Кавадарци поднесе и пријава против непознат сторител. Следниот ден, при проверка на гнездовите територии на мршојадците околу хранилиштето, екипата на ФДФФ и МЕД пронајде и трет отруен египетски мршојадец.

Се претпоставува дека отровот е поставен со намера за уништување на волци, кои повремено причинуваат штета на стадата крупен и ситен добиток на Витачево. Праксата на користење на отровни мамци е широко распространета во Македонија, и е главна причина за исчезнувањето на мршојадците од Македонија. Од 2002 година до денес, исчезнати се најмалку 16 двојки египетски мршојадци, и сегашната популација брои не повеќе од 22 двојки. Од 2008 година овој вид се смета за глобално загрозен. Популацијата на белоглав мршојадец во истиот период е исто така преполовена, а црниот и брадестиот мршојадец се целосно исчезнати, заради спроведување на оваа пракса во минатото. Употребата на отровни мамки е забранета со законот за ловство, според кој и египетскиот мршојадец е вид со трајна заштита, што во недостиг на листи на заштитени и строгозаштитени видови според законот за заштита на природата, ја дава единствената законската основа за подигање на обвинение. Хранилиштето за мршојадци на Витачево редовно привлекува три двојки египетски мршојадци и до триесет единки белоглави мршојадци.



Ваквото неодговорно постапување од сторителите ги загрози напорите за зачувување на овие ретки видови и можеше да доведе до ненадоместлива загуба за нивните популации на национално, но и меѓународно ниво.

македонско еколошко друштво

македонско еколошко друштво МЕД

## РАЗВОЈ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНА МРЕЖА НА ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА

На 29 март 2011 година, Македонското еколошко друштво официјално ја презентираше репрезентативната национална мрежа на заштитени подрачја, изработена во рамките на проектот на МЖСПП/ УНДП/ГЕФ „Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Република Македонија". Оваа репрезентативна мрежа на заштитени и предложени подрачја за заштита ќе придонесе за поефикасно зачувување на значајните уникатни живеалишта/екосистеми и видови во Македонија.

Правната основа за оваа активност произлегува од Законот за заштита на природата кој пропишува воспоставување на систем на заштитени подрачја заради заштита на биолошката разновидност усогласен со категоризацијата на Светската унија за заштита на природата (IUCN). Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) има обврска да изврши ревалоризација и повторно прогласување на сите претходно заштитени подрачја согласно старата национална категоризација во рок од 6 години.

Како основа за изработка на репрезентативната мрежа беше земена Студијата за заштита на природното наследство, која претставува најопсежен извор на податоци за заштитените подрачја, надополнета со новите заштитени подрачја или иницијативи за прогласување во периодот од усвојување на Просторниот план на Република Македонија во 2002 година до денес. За изработката на картата беа собрани сите достапни податоци за постојните заштитени подрачја, меѓународно прогласени и назначени подрачја (Рамсарски и UNESCO подрачја, Emerald мрежата, Значајни орнитолошки локалитети, Значајни растителни подрачја, Значајни подрачја за пеперутки), девствените шуми во Македонија, подрачјата чувствителни кон климатските промени итн.

За секое подрачје беше определена репрезентативноста (со предлог за поединечна заштита или негово вклучување во поголемо заштитено подрачје, или предлог за бришење доколку ги има изгубено природните вредности), беше исцртана граница на подрачјето и дадена е предлог категорија на заштита. Така, репрезентативната национална мрежа на заштитени подрачја содржи вкупно 99 подрачја и зафаќа површина од 511265,36 ha што претставува околу 20% од територијата на Република Македонија. Од нив 34 подрачја се селектирани од постојната листа на заштитени подрачја (од вкупно 81 заштитено подрачје), само 42 репрезентативни подрачја се селектирани од вкупно 193 предложени подрачја за заштита наведени во Просторниот план на РМ, а дополнително идентификувани се уште 23 подрачја значајни за заштита според различни иницијативи. Најголем број на подрачја се распоредени во категориите споменик на природа (51 подрачје) и парк на природа (32 подрачја), додека најголема површина отпаѓа на националните паркови (217600 ha).






**МЖСПП ТРЕБА ДА ПРЕВЗЕМЕ АКТИВНОСТИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КАРТАТА И НЕЈЗИНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОСТОРНИОТ ПЛАН И ДРУГИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ!**

Покрај заштитените подрачја и предложените подрачја за заштита, од страна на експертскиот тим идентификувани се и 91 подрачје кои се предлагаат за прогласување како природни реткости, како и 29 подрачја (надвор од мрежата на заштитени подрачја) значајни за управување/ зачувување на одредени видови.

Картата на репрезентативната мрежа беше изработена преку процес на консултации со сите засегнати страни за што беа организирани неколку работилници и состаноци.

Се надеваме дека добиените резултати ќе му помогнат на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) да ги постигне поставените цели и приоритети за зачувување на биодиверзитетот, како и да ги спроведе законските обврски од неколку национални документи.

